**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-14/5**

**Скопје, 17.01.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КОСЕЛ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Косел за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за Буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Косел за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Драган Тодороски - градоначалник на општина Косел од 01.01.2005 до 01.06.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 26.09 до 29.09.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав .

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со

извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Косел на ден 01.06.2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Косел е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 03.11.2006 година** **Овластен државен ревизор**

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОСЕЛ

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 709 | 3.491 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 12 | 97 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 990 | 3.996 |
| **Вкупно приходи** | | **1.711** | **7.584** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 583 | 1.611 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 828 | 2.516 |
| Субвенции и трансфери | | 136 | 359 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.547** | **4.486** |
| **Капитални расходи** | 3.5. | **164** | **2.326** |
| **Вкупно расходи** | | **1.711** | **6.812** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **772** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОСЕЛ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | **0** | 772 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **772** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **772** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | **0** | 772 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **0** | **772** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **772** |